**Извештај за извршени редовни/вонредни инспекциски надзори во период од 27.11.2019 – 02.12.2019г. како резултат на засиленото инспекторирање поради загадувањето на воздухот.**

**Активностите се координирани од заменик претседателот на Владата Оливер Спасовски, министерот за животна средина и просторно планирање Насер Нуредини и посебниот советник за животна средина и просторно планирање од Канцеларија на Претседателот на Владата на РС. Македонија Драган Јованов.**

**Засиленото инспекторирање од страна на службите продолжува и во изминатиот период.**

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Државниот инспекторат за животна средина покрај редовните инспекциски контроли, спроведе и повеќе вонрендни инспекциски надзори. Напревена е вонредна контрола на субјекти кои имаат А-интегрирана дозвола, а се лоцирани во кругот на бившата ф-ка Охис ио тоа: **ТДПТУ ПИК - КО ДООЕЛ Скопје, (Хемтекс)** на погонот за производство на вештачки концентрати за производство на адитиви во прехрамбената индустрија – Наод: Погонот има изработено елаборат за животна средина и од МЖСПП има добиено Решение за одобрување на елаборатот/ погонот се загрева со парно на електрична енергија приклучен е на градска канализациона мрежа, а од погонот нема технолошки отпадни води; **ДТПТУ Унитрејд Еко Груп ДООЕЛ Скопје - Склад за секундарни суровини во кругот на ОХИС Скопје,** каде се складира отпад од пет амбалажа пластика и најлонски кеси. Складот за секундарни сурови поседува дозвола за складирање неопасен отпад од МЖСПП/Поседува и електрична балирачка со која го балира отпадот од пластика, најлонските кеси и пет амбалажата; **ТД. Унитрејд 2012 ДООЕЛ Скопје** – Наод - складот за секундарни суровини, лоциран во кругот на ОХИС-Скопје во кој складира стара хартија, пет амбалажа и најлон/ поседува дозвола за складирање на неопасен отпад од МЖСПП и Дозвола за собирање и транспорт на комунален и други видови на неопасен отпад/нема емиисии во воздух;

Вонредни инспекциски надзори се спроведени и во: **ДДКО Дрисла - Скопје ДОО Батинци** – Наод: доставен е Лабораториски извештај од 18.11.2019г. за извршени и мерења на емисија на загадувачки супстанции во воздухот од печката за согорување на медицински отпад за параметрите CO,CO2,NOx,SOx и цврсти честички -прашина. Од извршените мерења може да се види дека измерените вредности на наведените параметри се во дозволените гранични вредности на емисија според А-Интегрираната еколошка дозвола за усогласување со оперативен план што ја поседува ДДКО Дрисла-Скопје. Во кругот на депонијата поставена е автоматска мерна станица за следење на амбиенталниот воздух во околината на депонијата за параметрите CO,CO2,NOx и ПМ 10 честички. Состојбата со амбиенталниот воздух во околината на депонијата Дрисла може да се следи на сајтот www.drisla.ekoinformatika.mk, 24-часа во тек на денот преку Интернет; **ЈП Комуналец Битола-депонија Мегленци-** Наод: нема горење, редовно се врши прекривање на отпадот со земјен материјал како превенција од (само)запалување; Жито Полог Ад Тетово - Наод: правниот субјекти поседува стационарни извори на енергија за кои согласно еколошкиот елаборат вршат мерења на емисии, еднаш годино, согласно

резултатите од мерењата нема надминување на Гранични вредности на емисии (ГВЕ); **Електро Шари, општина Желино** – Наод: извршен поседува Елаборат за заштита на животната средина одобрен од МЖСПП и согласно Елаборатот врши мерења два пати годишно/според резултатите нема надминување на ГВЕ; **Макпетрол АД Скопје на ул.Св. Кирил и Методија** – Наод: во котларата за топловодно греење за загревање на Управната зграда на Котларата е со моќност од 1MW и работи на природен гас/направени мерења согласно задолженијата на емисии на гасови од оџакот на котларата за параметрите CO,CO2,NOx,SOx и прашина/ наодите од направени мерења во акредитирана лабораторија се во рамките на ГВЕ/ Следува решение во рок од 15 дена да се изврши ново мерење на емисии на гасови од оџакот на котларата за 2019г. Макпетрол АД Скопје за котларата за топловодно греење има изработено елаборат за животна средина за кој од МЖСПП има добиено Решение за одобрување на елаборатот од 2014г;
**Јохнсон Матју ДОО** Фабриката за производство на катализатори за филтрирање на издувните гасови од автомобилите лоцирана во ТИРЗ Бунарџик 1 Илинден, која поседува А-Интегрирана еколошка дозвола/согласно последното извршено мерење на емисија на гасови од фабриката, од страна на акредитирана лабораторија извршено на 16.11.2019г. по сите 13 точки на емисија на стационарните извори на фабриката за $CO$,$CO_2$,$NOx$,$SOx$ и прашина, $CH_3$-$COOH$, и $NH_3$, измерените вредности на сите наведени параметри од сите стационарни извори се во границите на ГВЕ (границни вредности на емисија) определени во А-Интегрираната еколошка дозвола за ваков вид на инсталации.

**ДПТУ Ангела-01 ДОО Илинден** извршен контролен инспекциски надзор во погонот за производство на производи од бетон по издадено решение за мерење и анализа на прашина во амбиенталниот воздух при работа на погонот/според добиените резултати од страна акредитирана лабораторија изготвен е лабораториски извештај во кој се приложени резултатите од мерењето на прашина (ПМ10 честички) во амбиенталниот воздух за 24 часовен период. Кој покажува дека истите се во дозволените гранични вредности.

## ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ

Извршен е вонреден инспекциски надзор над одржувањето на јавната чистота по основ на законот за јавните патишта на магистралниот пат Струмица-Радовиш-Штип при што е најдено дека по целата должина од околу 100 метри и во зоната на заштитниот појас во широчина од 5-10 метри на паркинг просторот во непосредна близина на мотелот (ПИЛАВ ТЕПЕ) на делницата Радовиш-Штип има насобрано секаков вид на отпад од пластични шишиња, хартија и друго. Надлежен субјект за одржување на јавната чистота во границите на заштитниот појас на магистралниот пат е ЈП Македонија Пат, од увидот е направен записник за што ке биде известено јавното претпријатие за да преземе мерки за расчистување на отпадот.

## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Воведени се две смени на комуналните редари како во работните денови, така и за време на деновите од викендите. Со тоа е зголемена контролата врз локациите каде се создаваат диви депонии, контрола на движење на тешките товарни возила, контрола на палењето на огнови и др. Во периодот со мандатни платни налози се санкционирани 16 прекршители и за нив се напишани исто толку казни за различни видови на прекршоци согласно членот 14 од Законот за јавна чистота.

Заедно со овластениот инспектор за животна средина, Одделението за инспекциски работи изврши контрола на аерозагадувањето на поголемите производствени капацитети во општината Ѓорче Петров. Инспекциски надзор беше спроведен во АЛКАЛИОД – ЛАФОМА, АДИНГ Скопје, каде не беа констатирани неправилности во работењето во однос на аерозагадувањето. Во ЈСП Скопје – Ѓорче Петров непосредно пред да биде извршен инспекцискиот надзор, од нивните служби било утврден дека мазутот што го користеле за работа на котларата бил со многу лош квалитет и веднаш била прекината работата на истата котлара откако во воздухот бил испуштен чад. Од ЈСП Скопје – Ѓорче Петров веќе биле преземени мерки против доставувачот кој ги снабдил со неквалитетен мазут. Не е поведена инспекциска постапка поради тоа што проблемот е детектиран и отстранет.

## ОПШТИНА ТЕТОВО

За време на втора смена од 16 до 22 часот работеше тим составен од инспектор за животна средина, комунален инспектор и комунален редар. Немаше потреба од полициска асистенција. Поминати беа сите места во градот кои претставуваат црни точки односно извори на загадување. Направени беа обиколки и на следните улици: Љуботенска, Д.Г.Кара, Браќа Миладинови, Индустриска, патот према село Фалише и Сараќино, населба Дреноец и Деребој. Не беше забележано спалување на отворено. Може да се забележи дека во попладневните и вечерните часови вредностите на ПМ честичките во воздухот во градот се зголемуваат. Сметаме дека тоа се должи на поинтензивното затоплување на домовите навечер кога температурите се спуштаат. Согласно добиените насоки од канцаларијата на претседателот на владата на ден 26.11.2019 година имаше дежуство. За време на дежурството, од 16 до 22 часот, работеше тим составен од инспектор за животна средина и комунален инспектор. Поминати беа сите црни точки како можни извори на загадување и не беше констатирано несоодветно палење на било каков отпад како и негативни влијанија врз животната средина. Концентрациите на ПМ10 до 19 часот беа во дозволените гранични вредности а вечерта околу 100 микро грами. Имаме сознанија дека големи количини на отпадна иверица (лакирана), од одредени фабриките се користи за затоплување на стамбени згради. За време на втора смена од 16:00 до 22:00 часот работеше тим составен од инспектор за животна средина, комунален инспектор и комунален редар. Тимот помина сите црни точки како можни извори на загадување (индустриската зона, погоните за производство на мебел, мали диви депонии, околу Касарната, Депоата на Макпетрол, локалниот пат за с.Фалише и споредните патишта, атарот на Голема и Мала Речица, атарот на село Порој преку Џепчиште се до патот за Требош и околу Палма Мал и др.). При поминување и инспектирање на сите овие точки не беше констатирано несоодветно палење на било каков отпад. За време на дежурството немавме ниедно пријавување за незаконско дејствување кое би предизвикувало загадување на воздухот. Немавме потреба од полициска асистенција

## ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат при општина Илинден за преземените активности: Тимовите ги вршеа контролите без присуство на полициски службеник; При вршење на контролите не е утврдено палење на стрништа, ѓубришта и друг вид на отпад

на отворени простори; Извршени се инспекциски надзор од страна на инспекторот за животна средина во 2 правни субјекти :металостругарски дуќан и угостителски објект, Извршена е контрола во н.м Илинден и н.м Марино при што се едуцирани граѓаните за намалување на загадувањето во делот на затоплувањето;

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Екипа составена од комунален инспектор и комунални редари на територија на Општина Гази Баба (25.11.2019г) изврши вонредни инспекциски надзори на критичните точки во Општината како што се дива депонија на гробишта Камник, сепарацијата Јурумлери, покрај автопатот во Инџиково, кејот на р.Вардар во н.Ќерамидница и депонија Вардариште. За време на втората смена (од 14 до 22 часот на 26.11.2019г.), комуналниот инспектор со комунален редар и полициски службеник вршеа вонредни инспекциски надзори на територија на Општина Гази Баба во населените места Ченто, Стајковци, Економија Брњарци, Црешево, Смилковско Езеро депонијата, Раштак, Булачани и Виниче. Во моментот на увид нема забележано депонирање, спалување на отпад и спалување на смет во контејнери. На ден 27.11.2019г. во период од 14 до 22 часот,комуналнит инспектор со комунален редар и полициски службеник извршија вонредни инспекциски надзори во депонијата Вардариште (направена е обиколка кај ромското население и превентивно се информирани за честите контроли од страна на инспекциските служби ), кејот на р.Вардар во н.Ќерамидница (кај ромското население).н.Железара, Автокоманда, Маџари, Хиподром , Хиподром 2, Инџиково покрај автопатот. Во моментот на увид нема забележано спалување на отпад. На веб страната е објавен и контакт тел. за пријави од страна на граѓани.

На ден 28.11.2019 г. во период од 08 до 16 часот извршени се вонредни инспекциски надзори на критичните точки во Општината како што се дива депонија на гробишта Камник, Сепарацијата Јурумлери, покрај автопатот во Инџиково, кејот на р.Вардар во н.Ќерамидница и депонија Вардариште. На ден 28.11.2019г. во период од 14 до 22 часот комуналните редари со полициски службеник извршија вонредни инспекциски надзори на критичните места на територија на Општина Гази Баба и тоа во депонија Вардариште, Кванташки пазар во н.Маџари, Инџиково кај ромското население, Хиподром, од Скопско поле до Дрма. Во моментот на увид нема забележано спалување и депонирање на отпад согласно Законот за јавна чистота. На ден 29.11.2019г. во период од 08 до 22 часот, во две смени, комуналниот инспектор со комунален редар и полициски службеник извршија вонредни инспекциски надзори на територија на Општина Гази Баба во населените места Ченто, Стајковци, Економија, Брњарци, Црешево, Смилковско езеро депонијата, Раштак, Булачани и Виниче. Во моментот на увид нема забележано депонирање, спалување на отпад и спалување на смет во контејнери. На веб-страницата е објавен и контакт тел. за пријави од страна на граѓани.

## ОПШТИНА КАРПОШ

Извештај за постапување на комуналните редари согласно член 14 од Законот за јавна чистота: Интервенција на ул. Драгиша Мишовиќ каде што бил оставен кабаст отпад пред скали. Задолжени се да повикаат камион и да го транспортираат до соодветно место - Интервенција во Нерези во врска со оставени гранки кои се остранети по интервенција на

редарите; Интервенција на ул. Демир Трајко  каде што се фатени на  лице место камиони со валкани тркала како излегуваат од градилиште и сторителите се казнети; Интервенција на ул. Прашка извалкана улица од миксери, каде што сторителите се казнети; Интервенција на ул. Жданец каде што се затекнати гранки на јавна површина кои веднаш биле отстранет; Интервенција на ул. Париска каде што е затекнт на лице место сторител како остава гипс картон до контејнер на јавна површина. Сторителот е казнет со маднатна казна; Интервенција на ул. Козле каде што е затекнат оставен градежен шут до контејнери. Сторителот е пронајден и казнет со мандатна казна; Интервенција во Тафталиџе кај Млечен ресторан за оставени прозорци и врати на јавна површина. Истите се отстранети; Интервенција на ул. Козле за валкање на улица и тротоар при градба, каде што веднаш по разговорот е исчистена улицата. Извештај  за постапување на Овластен инспектор за животна средина согласно Законот за заштита на животната средина: **Овластениот инспектор за животна средина на општина Карпош** направи инспекциски надзор на повеќе правни и физички лица над инсталациите, објектите и на средства и опрема за вршење на дејности и активности за кои се задолжени согласно Уредбата за дејности и активности за кои задолжително се изработува Елаборат за заштита на животната средина согласно Законот за животна средина, и Правилникот за гранични вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот ( Службен весник на РСМ бр. 223/2019 )

**Извршен е мониторинг на 5  правни субјекти**  (угостителски ообјекти – скара на кило, сендвичари и сл. ) во соработка со овластена фирмата „ЕУРОМАККОНТРОЛ" ДООЕЛ и на лице место направени се мерења  на концентрација на загадувачки супстанции во отпадни гасови од стационарни извори кои се сметаат како потенцијални загадувачи на амбиенталниот воздух.  По доставениот Извешај и добиените резултати ќе се постапи согласно законските надлежности.
**Задолжени се 2 правни субјекти да постапат согласно член 24 Законот за животна средина со Решение за задолжување да изработат Елаборат за заштита на животната средина и да ги отстранат  констатираните неправилности од увидот на лице место.**

## ОПШТИНА ДОЈРАН

Од инспекциските служби направен е вонреден инспекциски надзор на крајбрежјето на Дојранското Езеро на м.в. Калдрма, плажа Алекс бич, плажа Свети Никола, плажа Фук Так, плажа ЕВН, Градска плажа и посоченото место спроти х. Ла Тераза поранешен хотел на Стопанска Банка, поради појава на бела пена која езерото ја исфрла надвор/таму каде што крајбрежјето е песок се гледа дека тоа е чистење на езерото. Направена е средба со градоначалникот Анго Ангов и директорот на ЈКП Полин Дојран/резултатите од испитување на површински води од септември 2019г. од Центарот за Јавно Здравје Велес покажуваат дека на сите три мерни места водите се класифицираи како води од втора категорија/сите правни субјекти покрај езерото се приклучени на колекторски систем/ правниот субјект Дојран Стил Николиќ поседува А-интегрирана дозвола за усогласување со оперативен план/ од страна на ДИЖС се прават редовни конторли/ во самата инсталација нема испуст на отпадни води/ во функција е пречистителна станица за

санитарни отпадни води/отпадните води од технолошките процеси се прочистуваат и повтороно се враќаат во процесот.

**ГРАД СКОПЈЕ –** Во континуитет се спроведуваат засилени контроли, во функција е посебен дежурен број за пријавување на дејствија (193), и на ФБ порталот на инспекторатот на Град Скопје отворен ФБ канал за пријавување на проблем, со точни упатства како тоа да се направи. Подетални извештаи можете да најдете на следниот линк: https://www.facebook.com/inspektoratgradskopje/